**20171011977**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 36 став (7) од Законот за медијација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 188/13, 148/15, 192/15 и 55/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА КОМОРАТА НА МЕДИЈАТОРИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на извештајот за работата на Комората на медијатори на Република Македонија (во понатамошниот текст: Комората).

Член 2

Извештајот за работата на Комората содржи податоци за:

- вкупен број на запишани медијатори во Именикот на медијатори по градови;
- број на медијатори во специфични области;
- структура на медијатори по професии запишани во Именикот на медијатори;
- вкупен број на избришани медијатори од Именикот на медијатори;
- постигнати резултати во медијацијата (се прикажува бројот на започнати медијации, градовите во кои се водени медијациите, вредноста на споровите, број на постигнатите спогодби);
- активностите на Комората преку органите и комисиите на Комората (одржани редовни и вонредни седници на Собранието и одлуките кои се донесени, одржани седници на Управниот одбор на Комората и одлуките кои се донесени, активностите на Претседателот на Комората во врска со донесени одлуки и остварените средби, одржани седници на Надзорниот одбор на Комората и одлуките кои се донесени, одржани седници на Етичкиот совет на Комората и одлуките кои се донесени, вкупен број на одржани семинари и советувања, учество или организација на меѓународни конференции, нормативната активност на Комората, планови на Комората за следните години);
- општа оцена за работата на медијаторите;
- предлог мерки за унапредување на примената на медијацијата и
- усвоениот финансиски извештај и завршната пресметка доставена до Управата за јавни приходи.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-2268/3
31 јули 2017 година
Скопје

Министер за правда,
**Билен Салији**, с.р.